Информативно гласило на Град
# СКОПЈЕ
Бесплатен примерок
ЈУЛИ 2016 ГОДИНА

# НОВ КРУЖЕН ТЕК МЕЃУ АВТОКОМАНДА И ЖЕЛЕЗАРА






# НОВ КРУЖЕН ТЕК МЕЃУ АВТОКОМАНДА И ЖЕЛЕЗАРА




Екипите на Градот Скопје изградија нов кружен тек меѓу улиците 16.Македонска бригада и Коце Металец во населбата Автокоманда, во општината Гази Баба. Ова ново сообраќајно решение придонесе да се зголеми безбедноста во сообраќајот од Автокоманда кон Железара и да се уреди просторот.

- Со овој проект, на местото на крстосницата меѓу улиците 16.Македонска бригада и Коце Металец беше формиран кружен тек со дијаметар на средишниот зелен појас од 60 метри. Во самиот кружен тек се формирани 2 сообраќајни ленти со вкупна ширина од 9 метри. Беше извршена и реконструкција на коловозот на улицата 16.Маке-

донска бригада, на должина од 390 метри, како и на дел од улицата Коце Металец, на должина од 240 метри. Околу кружниот тек и на влезните улици е уреден нов тротоар со ширина од 3 метри и велосипедска патека со ширина од 2,5 метри. За одведување на атмосферските води од новиот кружен тек е изградена атмосферска канализација со Ф 600 милиметри и Ф 400 милиметри, на вкупна должина од 634 метри. Во текот на градежните работи е извршена заштита на гасоводната цевка, а поставена е и нова водоводна мрежа со Ф 200 милиметри, на должина од 52 метри – вели градоначалникот Коце Трајановски.

На изградба на новиот кружен тек меѓу улиците 16. Македонска бригада и Коце Металец работеа екипите на градежната компанија „Бауер БГ“, а Градот Скопје за градежните работи вложи околу 45 милиони денари.

На новиот кружен тек е поставено и улично осветлување, со 35 столба за улично осветлување високи по 8 метри и 39 светилки со моќност од 250 вати. За поставување на осветлувањето и за дислокација на инсталациите Градот Скопје потроши околу 4,3 милиони денари.

Во средишниот дел на кружниот тек и од страните уредена е вкупна зелена површина од 11.800 квадратни метри. Во зеленилото е поставен систем за полевање со 34 прскалки, 22 хидранти, 13 шахти и 4 шахти за систем капка по капка. Во кошницата што го краси кружниот тек и околу неа се засадени околу 10.000 цвеќиња. На уредувањето на зеленилото работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило“, а Градот Скопје потроши околу 4,3 милиони денари.

Со тоа, вкупната вредност на проектот за изградба и уредување на кружниот тек меѓу улиците 16. Македонска бригада и Коце Металец изнесува околу 53,6 милиони денари.










# ПРОШИРУВАЊЕТО НА БУЛЕВАРОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ПРЕД КРАЈ

Градежните работи за проширување на булеварот Партизански одреди на потегот од кружниот тек кај Порта Влае до кружниот тек кај црквата „Свети Петар и Павле“ во Ѓорче Петров влегуваат во завршна фаза. На терен е веќе целосно поставена атмосферската канализација, а собраќајницата е проширена по целата планирана должина од 500 метри. Во тек се подготвителните работи за асфалтирање на коловозот.

Според проектот, на потегот од кружниот тек кај Порта Влае до кружниот тек кај црквата „Свети Петар и Павле“ во Ѓорче Петров, се врши проширување на постојниот коловоз, со што ќе се добие булевар со 6 сообраќајни ленти, по 3 во двете насоки. Булеварот ќе има средишно зеленило со ширина од 5 метри. Новопроширениот булевар од двете страни ќе има пешачка и велосипедска патека. Ќе се постави и ново улично осветлување.



За градежните работи на оваа делница Град Скопје ќе издвои околу 37,5 милиони денари, а на терен работат градежниците на „Пелагонија“ од Гостивар. Уличното осветлување ќе го постави фирмата „Елтра“, за што Град Скопје ќе вложи околу 2 милиони денари. Со тоа, вкупната инвестиција на овој проект за проширување и реконструкција на булеварот Партизански одреди изнесува околу 40 милиони денари.

# СЕ ПРОДОЛЖУВА БУЛЕВАРОТ СРБИЈА



Булеварот Србија којшто деновиве се проширува до улицата Христо Татарчев ќе овозможи да се подобри сообраќајната комуникација меѓу општините Аеродром, Сопиште и Гази Баба. На терен досега е изведена атмосферска канализација во должина од 450 метри, а во тек се градежните работи за проширување на коловозот.

- Со овој проект се врши проширување и реконструкција на булеварот Србија од кружниот тек кај Цементарницата до улицата Христо Татарчев, а на крајот од овој булевар ќе се изгради нов кружен тек меѓу булеварот Србија, улицата Христо Татарчев и улицата Христо Татарчев крак 2. Булеварот Србија се проширува на потег со должина од 868 метри, а ќе се оформат 4 сообраќајни ленти. По должината на новата траса од десната страна ќе има странично зеленило со ширина од 1,5 метри и пешачко-велосипедска патека со ширина од 3 метри, а од левата страна ќе има пешачка и велосипедска патека со променлива ширина. Новиот булевар ќе има средишно зеленило со ширина од 2 метри. На крајот од новиот булевар ќе има и кружен тек со дијаметар од 36 метри, две сообраќајни ленти и пешачка патека. Ќе се изврши и реконструкција и проширување на улиците Христо Татарчев и Христо Татарчев крак 2, на деловите што влегуваат во новиот кружен тек. За одведување на атмосферските води на булеварот Србија ќе се изгради нова атмосферска канализација – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Булеварот Србија на овој дел и кружниот тек ќе добијат ново улично осветлување. Вкупната сума за реализација на овој проект изнесува 98 милиони денари. Изведувач на градежните работи е „Бауер БГ“.

# НАСКОРО ЧЕТИРИ ЛЕНТИ ЗА ВТОРИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА...

Вториот дел од булеварот Трета македонска бригада, на потегот од крстосницата со улицата Васко Карангелевски до улицата Никола Карев наскоро ќе добие 4 сообраќајни ленти со што значително ќе се олесни одвивањето на сообраќајот во овој дел на градот.

На делница долга 1.400 метри, булеварот Трета македонска бригада ќе се прошири, ќе се оформи зелен појас од 1,5 метри, велосипедска и пешачка патека. Ќе се изгради и средишна разделна жардиниера со ширина од 5 метри. На терен се поставува и нова атмосферска канализација со вкупна должина од 1.250 метри и полипропиленски цевки со профил од 500 и од 800 милиметри, како и ново улично осветлување.



За градежните работи, за дислокацијата на подземните инсталации и за осветлувањето на оваа новопроширена делница Градот Скопје ќе потроши околу 104 милиони денари. На проширување и реконструкција на булеварот Трета македонска бригада, втора фаза, на потегот од крстосницата со улицата Васко Карангелевски до улицата Никола Карев работат екипите на градежната компанија „Ескаватори ДОО".

# ...И ЗА ТРЕТИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ БОРИС ТРАЈКОВСКИ

Екипите на Градот Скопје деновиве работат на проширување и реконструкција на третиот дел од булеварот Борис Трајковски, на потегот од поранешната фабрика „Стакларница" до влезот во населбата Пинтија, на должина од 2.200 метри.

- Булеварот Борис Трајковски и на оваа делница ќе стане модерна сообраќајница со 4 сообраќајни ленти, пешачки патеки од двете страни, како и велосипедска патека од левата страна. Градежните работи на улицата Борис Трајковски ќе се искористат за да се изгради нова атмосферска канализација по должината на коловозот, со три краци, вкупна должина од 2.284 метри и променлив профил од Ф 300 до Ф 1.000 милиметри. На оваа делница ќе се постави и ново улично осветлување со 121 столб за улично осветлување. Со реализацијата и на оваа, трета фаза од овој проект, граѓаните ќе добијат нова модерна сообраќајна врска со вкупна должина од 6 километри на потегот од Кисела Вода до Пинтија и околните населени места – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.



Средствата за реализација на овој капитален проект се обезбедени преку долгорочно домашно задолжување на Град Скопје, кој потпиша Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка. Вкупната сума за реализација на овој проект изнесува околу 3,7 милиони евра. Изведувач на градежните работи е конзорциумот составен од компаниите „ДГ Бетон АД", „Бауер БГ" и „Понстрој инженеринг ЕАД".

# СЕ ПРОШИРУВА БУЛЕВАРОТ АСНОМ...



Градежните работи на првата фаза од проектот за проширување и реконструкција на булеварот АСНОМ се во тек. Со овој проект ќе се прошират и реконструираат 430 метри од булеварот АСНОМ, на потегот од објектот на Фудбалската федерација на Македонија (Куќата на фудбалот) до првите куќи на улицата Тодор Чангов, во Лисиче.

Со проширувањето, булеварот АСНОМ на оваа делница ќе добие 4 сообраќајни ленти, по две ленти во секоја насока, широки по 3,5 метри. Ќе се изведе и средишна жардиниера со променлива ширина од 2 до 5 метри, како и тротоари, велосипедска патека и разделно зеленило. На терен е веќе поставена нова атмосферска канализација со должина од 221 метар и со профил на цевките од 500 милиметри. За осветлување на новопроширената сообраќајница ќе се постават 28 столба за улично осветлување. На проширување и реконструкција на булеварот АСНОМ, на потегот од објектот на Фудбалската федерација на Македонија до првите куќи во Лисиче ќе работат градежниците на ДГ „Бетон“ АД Скопје. Во овој значаен зафат Градот Скопје ќе вложи околу 31,8 милиони денари.

# ... И УЛИЦАТА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ, НА ВОДНО

Со проектот за проширување и реконструкција на улицата Тодор Александров оваа фреквентна сообраќајница ќе се прошири на потегот од крстосницата со булеварот Мајка Тереза и улицата Белградска, кај ОУ „Кочо Рацин“, до кракот на оваа улица што води кон Панорама, во должина од околу 600 метри. Со тоа, ќе се овозможи развој на населбите лоцирани во подножјето на Водно, како и непречено движење на растечкиот број посетители кон рекреативните содржини на Водно.



- Со реализација на проектот за проширување и реконструкција, улицата Тодор Александров ќе добие 4 сообраќајни ленти, по 2 ленти во секоја насока, широки по 3 метри. Од двете страни на сообраќајницата ќе се формираат тротоари со ширина од 2 метра. На терен ќе се изврши и реконструкција на постојниот коловоз, стариот и оштетен асфалт ќе се изгребе, ќе се обнови носечкиот слој и ќе се нанесе нов асфалтен слој. Градежните работи на коловозот на улицата Тодор Александров ќе се искористат за да се реконструира и дел од атмосферската канализација на оваа сообраќајница, при што на должина од 500 метри ќе се постават цевки со профил од 400 милиметри. Ќе се реконструира и дел од фекалната мрежа, при што на должина од 300 метри ќе се постават цевки со профил од 250 и 300 милиметри. Ќе се реконструира и дел од водоводната мрежа на оваа улица, при што на должина од 200 метри, ќе се постават цевки со профил од 250 милиметри – вели градоначалникот Коце Трајановски.

По завршувањето на реконструкцијата, на улицата Тодор Александров ќе се постави ново осветлување со 33 столба за улично осветлување.

- На проширување и реконструкција на улицата Тодор Александров ќе работат екипите на градежната компанија „Жикол“ од Струмица. Градот Скопје во овој обемен проект ќе вложи околу 39 милиони денари – објаснува Трајановски.

# СЕ ПРОБИВА БУЛЕВАРОТ ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ ВО БУТЕЛ



Изградбата на булеварот Христијан Тодоровски Карпош, на потегот од крстосницата со булеварот Босна и Херцеговина до улицата Натанаил Кучевишки (прва фаза) е во тек. Во оваа фаза ќе се пробијат 1.000 метри од булеварот Христијан Тодоровски Карпош.

Новиот булевар ќе биде со вкупна ширина од 40 метри и 6 сообраќајни ленти, велосипедски и пешачки патеки од двете страни на булеварот и средишно зеленило.

На новиот дел од булеварот Христијан Тодоровски Карпош ќе биде поставена нова водоводна мрежа, нова атмосферска канализација со профил Ф 600, а ќе се гради и нова фекална канализација. На булеварот ќе се постави ново улично осветлување.

За градежните работи на оваа прва фаза од капиталниот проект за пробивање на булеварот Христијан Тодоровски Карпош, Град Скопје ќе издвои околу 160 милиони денари.

# ЌЕ СЕ ПРОШИРИ БУЛЕВАРОТ ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ ВО ЧАИР

Екипите на Град Скопје работат на проширување и реконструкција на булеварот Христијан Тодоровски Карпош, на потегот од булеварот Џон Кенеди до улицата Рокомија во Чаир, како и на поставување улично осветлување на потегот од булеварот Џон Кенеди до улицата Ферид Бајрам.

- Градот Скопје ја продолжува пролетната градежна офанзива. Постојниот коловоз на булеварот Христијан Тодоровски Карпош на оваа делница ќе се прошири и ќе има 4 сообраќајни ленти, по две ленти во секоја насока, на должина од 670 метри. Од левата страна на булеварот, гледано од центарот на градот кон Чаир, ќе се изгради тротоар со ширина од 4 метри. Од десната страна на коловозот ќе се оформи заштитно зеленило со променлива ширина, велосипедска патека со ширина од 2,25 метри и пешачка патека со ширина од 2 метра. На булеварот Христијан Тодоровски Карпош ќе се постави нова атмосферска канализација со должина од 280 метри и профил на цевките од 400 милиметри. Се планира да се изгради и нова фекална мрежа на должина од 255 метри, како и нова водоводна мрежа на должина од 850 метри – вели градоначалникот Коце Трајановски.

По должината на булеварот Христијан Тодоровски Карпош ќе се постави и ново улично осветлување, на потегот од булеварот Џон Кенеди до улицата Ферид Бајрам, на должина од 940 метри. На овој потег ќе се постават 63 столба за улично осветлување.

За реализација на проектот за проширување и реконструкција на булеварот Христијан Тодоровски Карпош, на потегот од булеварот Џон Кенеди до улицата Рокомија и за поставување улично осветлување од булеварот Џон Кенеди до улицата Ферид Бајрам Градот Скопје ќе вложи околу 43 милиони денари. На терен работат екипите на градежната компанија „Бауер БГ“.



# УЛИЦАТА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЌЕ ДОБИЕ НОВ АСФАЛТ



Улицата Ѓорче Петров, на потегот од кружниот тек кај СП „Планет“ до општинската зграда, во наредниов период ќе добие нов асфалт. На делницата долга 1.245 метри постојниот оштетен асфалт ќе се изгребе, ќе се санира носечкиот слој и ќе се нанесе нов асфалтен слој Сплит Мастикс со дебелина од 5 сантиметри. На местата каде што има потреба ќе се заменат оштетените рабници, а ќе се изврши и санација на тротоарите коишто ќе се покријат со асфалт, на површина од 1.000 квадратни метри.

За реконструкција на коловозот на улицата Ѓорче Петров, на потегот од кружниот тек кај СП „Планет“ до општинската зграда, Градот Скопје ќе вложи околу 18,6 милиони денари. На терен работат градежниците на „Пелагонија“ АД Гостивар.

# САНИРАНИ УЛИЦИ ВО ОПШТИНИТЕ БУТЕЛ И КИСЕЛА ВОДА



Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ пролетва санираа поголем број улици во општините Бутел и Кисела Вода. Во оваа акција обновен е коловозот на улиците Мрежичка во должина од 200 метри; Коле Канински во должина од 160 метри; Хо Ши Мин, Зуфир Мусиќ и Љуба Петровиќ, во општината Бутел.

Во општината Кисела Вода, пак, целосно се санирани улиците 1 и 3 во населбата Усје со вкупна должина од 270 метри.

## АСФАЛТ ЗА УЛИЧКИТЕ ВО ГРОБИШТАТА „БУТЕЛ“ И „КАМНИК“

Градот Скопје вложи околу 3,5 милиони денари за асфалтирање на поголем број улици во гробиштата „Бутел“ и „Камник“, на вкупна површина од 3.000 квадратни метри. На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“.

Од 2012 година досега Градот Скопје на градските гробишта има асфалтирано улици со вкупна површина од околу 12.000 квадратни метри.



# СЕ ОБНОВУВА КОЛОВОЗОТ НА УЛИЦАТА САРАЈ



Градежните работи за обнова на коловозот на улицата Сарај, на потегот од храмот „Света Злата Мегленска“ до патот што води кон селото Љубин, се во тек. Во оваа прва фаза од проектот за реконструкција на коловозот на улицата Сарај ќе се обноват 665 метри од оваа значајна сообраќајница.

- Во текот на градежните работи на улицата Сарај ќе се изгребе постојниот и оштетен асфалт, целосно ќе се обнови носечкиот слој и ќе се нанесе нов асфалтен слој. Со проектот е предвидено и да се прередат бекатон-плочките на тротоарот, како и да се нивелираат шахтите и сливниците. Градот Скопје за овој зафат ќе одвои околу 5 милиони денари, а на терен работат градежниците на „Пелагонија“ АД Гостивар. Сакам да ја истакнам добрата соработка со општина Сарај и да нагласам дека Градот Скопје и во периодот што следува ќе продолжи со реализација на проекти за подобрување на условите за живот на граѓаните во Сарај – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Во текот на градежните работи на улицата Сарај сообраќајот ќе се одвива според однапред утврден сообраќаен режим, за што граѓаните ќе бидат навреме информирани.

Во Градот Скопје се работи и на подготовка на потребната документација за втората и за третата фаза од проектот за реконструкција на улицата Сарај, со чија реализација оваа значајна сообраќајница ќе биде реконструирана и ќе добие нов лик на потегот од храмот „Света Злата Мегленска“ до раскрсницата со локалниот пат - локалитет Матка и клучка Тетово.

# РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА БРОЈ 5 ВО САРАЈ




Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ деновиве го реконструираа коловозот на улицата број 5, во Сарај. Асфалтирани се вкупно 600 метри од оваа улица со што се подобри безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

За реконструкцијата на улицата број 5 во Сарај Градот Скопје одвои околу 3 милиони денари.



# СЕ ГРАДИ НОВИОТ ВОДОВОДЕН СИСТЕМ ЗА ШУТО ОРИЗАРИ



Градежните работи на новиот водоснабдителен систем за општината Шуто Оризари влегоа во завршна фаза. Пумпната станица кај поранешната фабрика АД „ТИПО" на булеварот Словенија е комплетно изградена, монтирани се и пумпите за вода и станицата е приклучена на водоводната мрежа. Изграден е и резервоарот за вода на улицата Гвадалахара и се работи на монтажа на водоводната инсталација.

- Со изградбата на овој нов систем за водоснабдување ќе се решат дecениските проблеми со водоснабдувањето во населбите Шуто Оризари и дел од Скопје Север. За новиот водоснабдителен систем се гради резервоар од 4.350 кубни метри во близина на постојните резервоари на ЈП „Водовод и канализација" на улицата Гвадалахара; пумпна станица кај поранешната фабрика на АД „ТИПО" на булеварот Словенија и цевковод со должина од 2,3 километри и профил од 500 милиметри кој води од пумпната станица, па по улиците Шуто Оризари, Виничка, Че Гевара, Плачковица и Бутелски венец – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 182.367.800 денари со вклучен ДДВ. Во финансирањето на овој проект Градот Скопје ќе учествува со 43,7 насто од средствата, односно со 79,7 милиони денари; ЈП „Водовод и канализација", исто така, со 43,7 насто, односно 79,7 милиони денари, а Општина Шуто Оризари ќе учествува со 12,6 насто, односно со 22,9 милиони денари од потребните финансиски средства.







# СЕ ДОГРАДУВА ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР НА БУЛЕВАРОТ ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО

Градежните работи на новиот фекален колектор по должината на булеварот Видое Смилевски Бато се одвиваат според предвидената динамика.

Според проектот, на терен се гради нов фекален колектор со вкупна должина од 771 метар, од крајот на булеварот Видое Смилевски Бато до крстосницата со булеварот Србија. На овој потег веќе се поставени полипропиленски канализациски цевки со профил од 800 милиметри, кои се поврзани со постојниот колектор. Се формира и велосипедската патека по должината на булеварот Видое Смилевски Бато и се прават подготовки за асфалтирање. За реализација на овој проект Град Скопје ќе издвои околу 27 милиони денари.

Со реализацијата на овој проект ќе се решат долгогодишните проблеми со канализациската мрежа на жителите од овој дел на Аеродром.



# НОВ ВОДОВОД ЗА УЛИЦАТА ЃОРЃИ КАПЧЕВ



За да се подобри водоснабдувањето за граѓаните од Горно Лисиче екипите на ЈП „Водовод и канализација“ поставуваат нова водоводна мрежа на улицата Ѓорѓи Капчев.

- Со овој проект се реконструира водоводната мрежа на улицата Ѓорѓи Капчев, како и на 4 нејзини краци, односно со оваа реконструкција ќе биде опфатена водоводна мрежа со вкупна должина од 1.900 метри. На терен се поставуваат полиетиленски цевки со различни профили. Со реализацијата на овој проект значително ќе се подобри водоснабдувањето во овој дел од населеното место Горно Лисиче, а директна корист од новата водоводна мрежа ќе имаат 630 жители. За реконструкција на водоводната мрежа на улицата Ѓорѓи Капчев и на нејзините краци ЈП „Водовод и канализација“ ќе вложи околу 21 милион денари - вели градоначалникот Коце Трајановски.

По изградбата на новиот водовод Општина Аеродром ќе го реконструира коловозот на оваа улица.

# АСУЦ „БОРО ПЕТРУШЕВСКИ“ ЌЕ ДОБИЕ НОВА ФИСКУЛТУРНА САЛА

Учениците во АСУЦ „Боро Петрушевски“ ќе имаат можност да спортуваат во нова фискултурна сала што се гради во дворот на ова средно училиште.

- Со изградбата на новата фискултурна сала за околу 930 ученици кои посетуваат настава во АСУЦ „Боро Петрушевски“ ќе се подобрат условите за одржување на наставата по физичко воспитување, како и за спортување и рекреација на учениците во ова средно училиште - вели градоначалникот Коце Трајановски.



Новата фискултурна сала ќе има приземје со површина од 1.002 квадратни метри, како и кат со површина од 405 квадрати. Објектот е долг 54,5 метри, широк 19,9 метри и висок 8,6 метри. Новиот објект ќе има голема спортска сала, пинг-понг сала, мала гимнастичка сала, простор за реквизити, три гардероби, тоалети и просторија за професори.

Во оваа прва фаза од проектот за изградба на фискултурна сала во АСУЦ „Боро Петрушевски“ е предвидено изградба на објектот до карабина, додека внатрешното уредување и опремување ќе се изврши во втората фаза.

За реализација на првата фаза од проектот за изградба на фискултурна сала за потребите на АСУЦ „Боро Петрушевски“, Градот Скопје ќе издвои 10.859.769 денари, а градежните работи ќе ги изведува ГП „Гранит“.

# УРБАНИОТ ВЕЛОСИПЕДСКИ ПОЛИГОН АТРАКЦИЈА ЗА ДЕЦАТА



Урбаниот велосипедски полигон што минатиот месец беше изграден во Паркот Македонија стана вистинска атракција за децата кои имаат можност да возат велосипед и да ги научат сообраќајните правила и знаци.

- Овој велосипедски полигон за деца во Паркот Македонија е донација од Стопанска банка. Ја користам оваа можност да им се заблагодарам за учеството во овој проект. Велосипедскиот полигон за деца е со површина од 660 квадратни метри, со должина на патека од 270 метри и урбана опрема: бампери, рампа, паркиралиште за велосипеди, нишалки, лизгалки, површини исполнети со песок, клупи за седење, пикник-маси и корпи за отпадоци. Велосипедската патека за деца е со должина од 270 метри и 120 сантиметри ширина, којашто од двете страни има тротоар од по 50 сантиметри за нивните учители и помагатели. Подлогите за возење на патеката се од три различни типа: најдолгиот потег е од лиена гума, на бетонска подлога во широчина од 120 сантиметри, со калдрма од двете страни по 50 сантиметри, коишто симболизираат тротоари; вториот потег е калдрма, а третиот потег е од дрво, односно дрвено мовче. Во тревните површини околу паркингот за велосипеди и зоната со нишалки се поставени 12 клупи за седење, 4 сета со пикник-маси и клупи за седење, како и корпи за отпадоци. Во изградбата на овој едукативен полигон беа користени еколошки материјали. Вредноста на овој проект изнесува 1.234.000 денари - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето на полигонот.

Милица Чапаровска Јовановска, генералниот директор за банкарство на мало од Стопанска банка изјави дека ова е ретка можност ваков јавен простор да биде оплеменет и трансформиран во катче за рекреација, забава и едукација за најмладите.

- Ја поздравуваме укажаната доверба и поддршка од Град Скопје сите овие месеци и ни претставува задоволство да го предадеме овој полигон во владение на Град Скопје и во употреба за сите граѓани – рече Јовановска.



# СЕ САНИРА НАДВОРЕШНАТА ПОВРШИНА НА МОСТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“



Екипите на Градот Скопје деновиве ја санираат надворешната бетонска површина на мостот „Гоце Делчев“.

- Во текот на градежните работи се отстранува оштетениот бетонски слој на местата каде што има потреба, се нанесува антикорозивна заштита на арматурата и се врши санација и заштита на површината. На санација на надворешната страна на мостот „Гоце Делчев“ работат градежниците на компанијата „Синтек инженеринг ДООЕЛ Скопје“, а Градот Скопје за овој зафат ќе одвои околу 11 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Проектот за санација на надворешната бетонска површина на мостот „Гоце Делчев“ е врз основа на изработената експертиза од меѓународната компанија „Фресине“, во која се препорачува да се санира надворешната површина на мостот којашто е оштетена од атмосферски влијанија.

- Фирмата „Фресине“, која е лидер во изработката на мостовски конструкции, во 2001 година изврши санација на конструктивните елементи на мостот „Гоце Делчев“, но при тој градежен зафат не беше санирана надворешната површина на овој мост – додава градоначалникот Трајановски.

Во текот на градежните работи сообраќајот на мостот ќе се одвива без прекини и ограничувања.





„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

**Уредува**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

www.skopje.gov.mk

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
Булевар Илинден 82

**Телефон**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн и печат**
Печатница „Серафимовски“
Скопје

*Изградени велосипедските патеки од Рута 1*

# НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ СО ВЕЛОСИПЕД ОД ГАЗИ БАБА ПРЕКУ ЦЕНТАРОТ ДО КАРПОШ

Од оваа пролет велосипедистите можат непречено да се движат по новоизградените и реконструирани велосипедски патеки што се дел од Рутата 1, а коишто ја поврзаа Гази Баба преку центарот на градот со Карпош. Велосипедските патеки од Рутата 1 од проектот „СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017“ беа промовирани на 21 март годинава со велосипедско дефиле што се возеше по должината на булеварот Илинден, а коешто го предводеше градоначалникот Коце Трајановски.

- Токму на Денот на пролетта ги промовиравме новоизградените и реконструирани велосипедски патеки од Рута 1, од сложениот проект „СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017“, со кој ќе ја унапредиме велосипедската инфраструктура во Скопје и ќе ја зголемиме безбедноста во велосипедскиот сообраќај. Велосипедските патеки од Рутата 1 овозможија поврзување на Гази Баба, преку центарот на градот со Карпош. Како дел од оваа рута, изградивме и реконструиравме велосипедски патеки во вкупна должина од 7.600 метри, и тоа: на булеварот Александар Македонски, од клучката кај хотелот „Континентал“, до клучката Естекада, од двете страни; на улицата Беласица, од булеварот Гоце Делчев до клучката кај хотелот „Континентал“, од двете страни; на булеварот Гоце Делчев, од булеварот Крсте Мисирков до улицата Беласица, од двете страни; на булеварот Илинден, пред зградата на Владата и на потегот од крстосницата со булеварот Свети Климент Охридски до фонтаната „Лотосов цвет“, од двете страни и на булеварот Илинден, на потегот од Матично до крстосницата со улицата Љубљанска, од едната страна. За изградба и реконструкција на велосипедските патеки од Рута 1 и на пешачките патеки по нивната должина Градот Скопје вложи 48 милиони денари. Градежните работи ги изведуваа екипите на ЈП „Улици и патишта“ – вели градоначалникот Трајановски.



Трајановски додава дека Градот Скопје има одлична соработка со неформалната група „На точак“ кои за овој проект помагаат со сугестии и забелешки.

- Нашата цел е да создадеме добри услови за возење велосипед во Скопје и да ги поттикнеме граѓаните во што поголем број да користат велосипед како транспортно средство – вели градоначалникот Коце Трајановски.



На булеварот Александар Македонски



На булеварот Илинден

*Проект „СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017“ – Рута 2*

# СЕ ОФОРМУВААТ ВЕЛОСИПЕДСКИТЕ ПАТЕКИ ВО АЕРОДРОМ

Велосипедската патека по десната страна на булеварот Јане Сандански, на потегот од раскрсницата со булеварот Србија до Железничката станица е веќе реконструирана и асфалтирана, а во наредниот период екипите на Градот Скопје ќе работат на изградба на велосипедската патека од левата страна на овој булевар, како и по должината на булеварот Партизански одреди, на потегот од објектот „Тифани“ кон Ѓорче Петров, од двете страни. Овие велосипедски патеки се дел од втората рута од капиталниот проект за подобрување на велосипедската инфраструктура во Скопје - „СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017“.

Рутата 2 од овој проект е со вкупна должина од 11 километри и ќе ги поврзе општина Аеродром, преку општините Центар и Карпош, до општина Ѓорче Петров. Таа ги опфаќа булеварите Февруарски поход, Видое Смилевски Бато, Јане Сандански, Кузман Јосифовски Питу, Кеј 13 Ноември, плоштадот „Македонија“, булеварот ВМРО и булеварот Партизански одреди до Порта Влае.

- Со овој проект ќе се добијат квалитетни велосипедски патеки, обележани со стандардизирана, јасна и видлива хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и ќе бидат изработени од асфалт. Спуштањата на раскрсниците ќе бидат изведени со рампи, додека по должината на патеките ќе бидат поставени заштитни столбчиња. Исто така, ќе се дислоцираат сите пречки на велосипедските патеки како што се билборди, канделабри, контејнери и сообраќајни знаци. Со реализацијата на овој проект ќе се овозможи жителите на Скопје непречено да го користат велосипедот како рекреативно и транспортно средство, со што ќе се растовари сообраќајот и позитивно ќе се влијае врз животната средина - вели градоначалникот Коце Трајановски.

На терен работат екипите на ЈП „Улици и патишта“.








По должината на булеварот Јане Сандански

*ЈП „Комунална хигиена“*

# ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ПЛОШТАДИ

Градските плоштади и пешачки зони од почетокот на годинава се чистат и одржуваат со електрични возила.

- ЈП „Комунална хигиена“ е меѓу првите градски јавни претпријатија кои набавија возила на електричен погон, а коишто ќе се користат за чистење, миење и полирање на мермерните плочки на плоштадот „Македонија“, како и за чистење на другите плоштади и пешачките зони во централното градско подрачје. ЈП „Комунална хигиена“ набави две возила на електричен погон - метлачки „Еурека“, едно возило - метлачка на електричен погон со моќ на моторите 5-6 киловати и едно специјално комунално возило за собирање и транспортирање комунален отпад од садови со капацитет од 120 литри – ѓубретарка, за коишто издвои околу 13,5 милиони денари. Претходно и ЈП „Градски паркинг“ набави 7 електромобили со ретро дизајн, 5 елекротротинети, 10 електровелосипеди и уште пет електромобили. Градот Скопје набави едно возило на електричен погон, 5 електроскутери и 5 електровелосипеди коишто ги користат вработените во градската администрација. Сакам да нагласам дека сите јавни претпријатија во своите буџети за 2016 година имаат планирано средства за набавка на возила на електричен погон кои ќе ги користат нивните вработени – истакна градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новите електрични возила.





Директорот на ЈП „Комунална хигиена“, Ракип Дочи, посочи дека овие возила се лесни за ракување, не создаваат бучава и не го загадуваат воздухот, што е многу значајно затоа што ќе се користат во делови на градот каде што има голема фреквенција на пешаци.

ЈП „Комунална хигиена“ набави и три електромопеди – два од 2,5 kw и еден од 1,2 kw, коишто ги користат вработените на ова јавно претпријатие.

## ПОСТАВЕНИ 1.200 ТАБЛИЧКИ СО КУЌНИ БРОЕВИ ВО ВИЗБЕГОВО

Екипи на Град Скопје во координација со месната заедница поставија 1.200 таблички со куќни броеви во населеното место Визбегово, односно на улица 1, улица 2, улица 3, улица 4 и улица 5.

Потребата за замена и поставување таблички ја определува Секторот за комунални работи, врз основа на претходно утврдени и ажурирани податоци. Оваа активност се спроведува во согласност со Одлуката на Советот на Град Скопје, што ја донесе на 58.седница одржана на 22 декември 2015 година, за набавка и поставување таблички со куќни броеви.

Со оваа Одлука се утврдува обврската на Градот Скопје да изврши замена на оштетени или исчезнати таблички со куќни броеви, да постави таблички на објектите на кои е извршена пренумерација на броевите, како и во други случаи утврдени со закон, на подрачјето на Град Скопје. Трошоците за набавка и поставување на табличките ги покри Градот Скопје.

# НАБАВЕН ЕЛЕКТРИЧЕН АВТОМОБИЛ ЗА ГРАДСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Градот Скопје стана првата локална самоуправа во Република Македонија што набави патнички автомобил на електричен погон (електромобил) за потребите на градската администрација. Новото електрично возило е од марката Nissan Leaf.



- Со набавката на овој електричен автомобил Градот Скопје стана првата локална самоуправа во Република Македонија што набавила електрично возило. На овој начин ја потврдуваме заложбата за електромобилност во Скопје, со примена на нови технологии, движење со нула емисии на штетни издувни гасови, почиста и поздрава животна средина и намалување на трошоците за одржување. Ова возило е со 5 врати, со електричен серво управувач, со моќност на моторот од 80 киловати и батерија од 24 kwh. Со обичен приклучок возилото се полни околу 10 часа, а со посебен приклучок – за околу 4 часа. Целосното полнење на батеријата, на евтина струја, чини 67 денари, со која автомобилот поминува 190 километри. Она што е најважно е што емисијата на јаглероддиоксид е 0 проценти, со што директно придонесуваме за почиста и поздрава животна средина – вели градоначалникот Коце Трајановски.




За набавка на овој електричен автомобил Градот Скопје потроши околу 1,8 милиони денари. Возилото е набавено од фирмата ТД„Ка-дис" ДОО Скопје.

# АВТОМАТСКА ЛОКАЦИЈА НА ВОЗИЛАТА ОД ЈАВНИОТ ГРАДСКИ ПРЕВОЗ

Навремено известување на патниците за времето на пристигнување на градските автобуси на постојките и следење на состојбите во сообраќајот во реално време заради намалување на сообраќајниот метеж се меѓу главните придобивки на Системот за автоматска локација на возилата од јавниот градски превоз што во автобусите на ЈСП функционира веќе шест месеци.



- Со воведувањето на овој модерен систем за автоматска локација на возилата и за електронска наплата на билетите Скопје и неговите граѓани ќе добијат побрз и поквалитетен градски превоз. За реализација на овој проект Градот Скопје и Јавното сообраќајно претпријатие издвоија околу 3 милиони евра и очекуваме со него да се намали потрошувачката на гориво и да се зголеми квалитетот на превозот што ќе придонесе и за зголемување на бројот на патници во автобусите. Како што веќе најавивме со воведувањето на електронската картичка во автобусите на ЈСП ќе имаме и точна информација за бројот на патници на одредени линии и до колку има потреба ќе интервенираме за да им овозможиме на граѓаните побрз и поквалитетен градски превоз, односно редовен, сигурен и точен превоз – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Системот за автоматска локација и за електронска наплата треба да биде инсталиран во 500 автобуси од јавниот градски превоз, односно веќе е инсталиран во 384 автобуси на ЈСП, а наскоро ќе биде инсталиран и во 116 автобуси на приватните превозници.

Овој систем претставува моќна алатка за следење на автобусите во реално време, запазување на пропишаните возни редови, како и овозможување навремени корекции и намалување на времето на чекање согласно со моменталните случувања во сообраќајот на градските улици, како и добивање реална слика за бројот на превезените патници по категории. На ЈСП овој систем му овозможува да ги димензионира автобуските линии во согласност со потребите на граѓаните и автоматски да ги генерира возните редови, а сево ова во голема мера ќе придонесе за подигање на квалитетот на превозните услуги.

# СЕРТИФИКАТИ ЗА ПОМИНАТА ОБУКА ЗА 30 ПОЖАРНИКАРИ

Сертификати за успешно завршена обука „Одговор за ургентни медицински ситуации“ на 19 мај им беа доделени на 30 нововработени пожарникари во Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје. На оваа обука пожарникарите се стекнаа со знаења и вештини за давање медицинска помош во ургентни ситуации, како што се: идентификација и соодветна реакција на трауми, срцево белодробно оживување и реанимација, имобилизација на повредени пациенти и соодветен транспорт, тријажа при катастрофални несреќи со голем број повредени лица, реакција при задушување, техники на проверка на пулс и отвореност на дишни патишта, бандажирање и преврски, тимска работа во случај на несреќи и повреди и друго.



Обуката „Одговор за ургентни медицински ситуации“ беше спроведена од невладината организација „Линк Акрос“.



## ДЕН НА ПОЖАРНИКАРСТВОТО 2016

Градот Скопје традиционално го одбележа 20 Мај - Денот на пожарникарството, во противпожарната станица во Автокоманда.

Прославата почна со свечено пострoјување на скопските пожарникари, а командантот на Противпожарната бригада на Град Скопје, Благоја Менковски, поднесе рапорт пред Секретарот на Град Скопје, Марјанчо Тодоровски.

# ГРАД СКОПЈЕ МЕЃУ НАЈДОБРИТЕ ИНВЕСТИЦИСКИ ДЕСТИНАЦИИ

Градот Скопје на 4.регионален конгрес за бизнис пријателско опкружување во Југоисточна Европа доби сертификат за поволно деловно опкружување со што се рангира меѓу најдобрите инвестициски дестинации во Југоисточна Европа. Ова признание Град Скопје го доби на конгресот којшто се одржа во Подгорица, Црна Гора во рамки на програмата Сертификација на општини по мерка на стопанствениците во Југоисточна Европа (BFC SEE).

На конгресот што се одржа во мај, сертификати за поволно деловно опкружување во Република Македонија добија и општините Штип, Богданци и Гази Баба. Покрај нив, сертификати за поволно деловно опкружување добија уште 11 општини од регионот, и тоа од Босна и Херцеговина, Србија и од Хрватска.




Согласно BFC SEE стандардот во моментов има 26 сертифицирани општини кои даваат квалитетни услуги и поволно деловно опкружување на околу 2 милиона граѓани и околу 105.000 компании, а над 60 општини од регионот преку BFC програмата го унапредуваат деловното опкружување. Во BFC SEE регионалната мрежа учествуваат 20 организации и институции од Македонија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Црна Гора кои придонесуваат за јакнење на меѓусебната соработка и размената на искуства, а меѓу нив се надлежни министерства, стопански комори, здруженија на општини, развојни агенции и универзитети.

*По повод 1 јуни - Меѓународниот ден за заштита на правата на детето*

# ДОБРОТВОРЕН МЕЃУНАРОДЕН БАЗАР 2016

Во Градскиот трговски центар на 4 јуни по шести пат се одржа традиционалниот „Добротворен меѓународен базар 2016", на кој на повеќе од 20 штандови претставници од дипломатските претставништва во Република Македонија и други меѓународни организации промовираа и продаваа производи и сувенири од нивните земји. Почесен претседател на „Добротворниот меѓународен базар 2016" е Чарлс Гарет, амбасадор на Велика Британија во Република Македонија, а главен покровител и годинава е Град Скопје.

- Оваа манифестација се одржува по повод 1 јуни, Меѓународниот ден за заштита на правата на детето. Базарот го организира здружението „Добредојде Македонија велком центар", а собраните средства годинава ќе бидат наменети за Дневниот центар за деца од улица – Шуто Оризари - рече градоначалникот Коце Трајановски.






На базарот во ГТЦ производи од нивната држава презентираа претставници од амбасадите на Албанија, Бугарија, Велика Британија, Италија, Иран, Србија, САД, Кина, Словачка, Словенија, Турција, Франција, Црна Гора, Шпанија, Холандија и Катар, а се вклучија и ОБСЕ, Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), делегацијата на УНИЦЕФ и делегацијата на Европската унија.

## ГРАД СКОПЈЕ И СОЈУЗОТ НА ПЕНЗИОНЕРИ ПОТПИШАА ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

Градоначалникот Коце Трајановски во име на Град Скопје и Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје (СЗП) на 26 април потпишаа годишен договор за соработка за унапредување на културниот, рекреативниот, спортскиот и едукативниот живот на пензионерите, како и за остварување други социјални, пензиско-инвалидски права и права од здравственото осигурување.

- Во согласност со одредбите од потпишаната Спогодба за соработка, како и во согласност со потпишаниот Договор меѓу Градот Скопје и Сојузот на Здруженијата на пензионери на град Скопје, Градот издвојува 600.000 денари кои се наменети за организирање групен превоз на пензионерите на излетнички дестинации на подрачјето на Скопје и на територијата на Република Македонија; бесплатен превоз на возрасни лица, четири дена во неделата – вторник, петок, сабота и недела; 17 милиони денари за бесплатни слободни легитимации за јавниот градски превоз за инвалидските пензионери; 400.000 денари за поддршка во организациско јакнење на Сојузот на пензионери на Град Скопје и здруженијата кои се негови членки; 30.000 денари за поддршка на спортски манифестации како што е традиционалниот 13 Ноемвриски шаховски турнир и 67.000 денари за поддршка на празнувањето на Денот на пензионерите на РМ. Градот Скопје во изминативе години има остварено одлична соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Град Скопје, која се базира на меѓусебен договор и заемно учество во реализација на разни програми и активности кои имаат за цел остварување на поквалитетен живот на пензионерите - истакна градоначалникот Трајановски, на потпишувањето на Договорот.

На 7 јуни во Домот на АРМ се одржа Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри 2016. На оваа ревија настапија 600 учесници од целата држава.



*За заштита и уредување*

# ГРАДОТ СКОПЈЕ ПРВА СО НАБАВЕНА МАШИНА

За да се заштити градското зеленипо и животната средина Градот Скопје минатиот месец набави машина за пресадување дрвја и стана прва локална самоуправа во регионот што располага со ваква механизација.

- Градот Скопје ја набави новата машина за пресадување дрвја за потребите на јавното претпријатие „Паркови и зеленило". Возилото е од марката IVECO, а на истата е инсталирана дополнителна механизација и електроника за пресадување дрвја. Со користењето на ваква механизација при уредувањето на зеленилото, садниците ќе можат да се пресадат и транспортираат на брз и ефикасен начин, без притоа да се нанесе









штета на дрвјата. Ова значи дека со ова возило и механизација, при изградба на разна инфраструктура, нема да има потреба за сечење на старите дрвја, туку истите ќе бидат безбедно пресадени на друга локација. Градот Скопје е прва единица на локална самоуправа во регионот која набавува ваква механизација, која очекуваме значително да помогне во работата на јавното претпријатие „Паркови и зеленило" и да даде голем придонес во заштитата на зеленилото и на животната средина – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.

Машината за пресадување дрвја има четири лопатки во функција, кои додека се отворени достигнуваат дијаметар од 1,5 до 2,7 метри, додека кога се затворени дијаметарот изнесува од 1,7 до 2 метра. При работна функција тежина на носивост на надградбата е од 2.350 до 2.700 килограми.

Оваа машина може да се користи за пресадување дрвја со стебло со максимална дебелина до 40 сантиметри.

Механизацијата за пресадување дрвја ќе се користи онаму каде што дозволуваат условите на теренот и истата не може да се користи на терен и локации каде што

на градското зеленило

# ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЗА ПРЕСАДУВАЊЕ ДРВЈА







постојат плитки подземни инсталации.

За набавката на оваа машина за пресадување дрвја Градот Скопје потроши околу 16 милиони денари, средства обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.



# СКОПЈЕ ГРАД НА ЦВЕЌЕТО



Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Паркови и зеленило“ во текот на изминатиот месец со цвеќе уредија поголем број јавни зелени површини.

Со летен расад од видовите бегонија, цунцуле, медов цвет, сардела, петунија и други беа украсени цветната топка на булеварот ВМРО, триаголниците на булеварот Гоце Делчев, кошницата на новиот кружен тек во Автокоманда, цветните форми во зеленилото пред Собранието на Република Македонија, во Градскиот парк, во паркот „Македонија“, фигурите „лебеди“ и „штркови“ во Аеродром, околу кружниот тек кај СП „Планет“ во Ѓорче Петров и на други локации.

На јавните зелени површини се засадени вкупно 250.000 парчиња цвеќе.

## ИЛЈАДНИЦИ ЦВЕТОВИ ГО УКРАСИЈА ГРАДСКИОТ ПАРК








Третото издание на Скопскиот цветен фестивал којшто на 14 и на 15 мај се одржа во вториот дел од Градскиот парк, на просторот наспроти „Паркот за миленици“, го привлече вниманието на огромен број граѓани кои имаа можност да купат цвеќе и цветни аранжмани, да ја изразат својата умешност со цвеќето, да добијат корисни совети, да се дружат на отворено и да се забавуваат.

Скопскиот цветен фестивал годинава се одржа под мотото „1.000 цвета за Скопје“. Покровител на овој цветен фестивал е градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, а организатор е ЈП „Паркови и зеленило“.

## БЕСПЛАТНИ САДНИЦИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Градот Скопје и оваа пролет ја продолжи традиционалната акција за доделување садници на заинтересираните куќни совети и урбани и месни заедници, на коишто им додели 2.000 дрвца (листопадни и зимзелени) од ЈП „Паркови и зеленило“.

На куќните совети и на урбаните и месните заедници во оваа акција им беа доделени најмногу по 10 садници. Акцијата на Град Скопје за доделување садници се организира веќе девет години во две етапи, односно напролет и наесен.

*И во текот на ова лето*

# ПРОДОЛЖУВА ОБНОВАТА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

За да ги подобри условите во кои учат средношколците, Градот Скопје и во текот на овој летен распуст ќе ги реконструира објектите на средните училишта што се во негова надлежност. Ова лето градежни работи ќе се изведуваат во 16 средни училишта, а Град Скопје за реализација на овој проект од буџетот планира да издвои околу 22 милиона денари.

Во СУГС „Никола Карев" во наредниов период ќе се врши реконструкција на фискултурната сала; во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин" ќе се реконструира подот во фискултурната сала; во СУГС „Јосип Броз-Тито" ќе се обнови внатрешната столарија; во СУГС „Орце Николов" ќе се работи на реконструкција на санитарните јазли; во СУГС „Георги Димитров" ќе се реконструира фасадата; во СУГС „Васил Антевски Дрен" ќе се работи на реконструкција на прозорците; во СУГС „Марија Кири Склодовска" ќе се обнови подот во училниците; во СУГС „Димитар Влахов" ќе се реконструира спортскиот



СУГС „Георги Димитров"

терен; во СУГС „Браќа Миладиновци" ќе се реконструира дворната површина во училиштето; во СУГС „Здравко Цветковски" ќе се обновуваат подови во училиштето; во СУГС „Арсени Јовков" ќе се работи на реконструкција на подови во училниците; во СУГС „Лазар Танев" ќе се реконструираат подовите во училиштето; во СУГС „8 Септември" ќе се работи на реконструкција на подови во училниците; во СУГС „Зеф Љуш Марку" ќе се врши санација на покривот; во СУГС „Цветан Димов" ќе се реконструираат санитарните јазли; во СУГС „Боро Петрушевски" ќе се обнови покривот на помошен објект – работилница.

Градежните зафати за реконструкција на објектите и на спортските сали на средните училишта на Град Скопје ќе придонесат за исполнување на стандардите за енергетска ефикасност и значително ќе ги подобрат функционалноста и изгледот на училишните објекти.

*Проект на Градот Скопје и УНДП*

# РЕКОНСТРУИРАНА ЗГРАДАТА НА СУГС „ОРЦЕ НИКОЛОВ"



Во средното училиште на Град Скопје „Орце Николов" се заменети сите стари прозорци со енергетско ефикасни, поставен е нов покрив со изолација, како и изолација од внатрешна страна на надворешните ѕидови, со проектот што на почетокот на годинава го реализираа Градот Скопје и УНДП.

- Во зградата на СУГС „Орце Николов" се заменети сите стари прозорци со енергетско ефикасни, поставен е нов покрив со изолација, како и изолација од внатрешната страна на надворешните ѕидови со стиропор со дебелина од 10 сантиметри. Во текот на градежниот зафат е освежена и фасадата, односно бојадисани се циглите на површина од 506 квадратни метри, а бојадисани се и сите грејни тела во училиштето, на коишто им се инсталирани 163 нови вентили. Со преземањето на овие мерки за енергетска ефикасност се предвидува заштеда на енергија околу 30 насто, како и подобрување на амбиенталната температура во просториите. Целиот проект чини 3.588.057 денари. Финансиските средства за реализација на овој проект се собрани по пат на кофинансирање на Град Скопје и УНДП, а Градот Скопје учествува со 2.000.000 денари. Ние имаме изготвено проекти за реконструкција на фасади со мерки за енергетска ефикасност за сите средни училишта што се под наша надлежност и во текот на следните години планираме да ги реализираме тие проекти. На ист начин со УНДП, по пат на кофинансирање, извршена е и реконструкција на фасадата во СУГС „Јосип Броз-Тито" и се надеваме дека и во иднина ќе соработуваме со УНДП и ќе реализираме успешни проекти - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на овој проект.

Луиза Винтон од УНДП го изрази своето задоволство од одличната соработка со Градот Скопје и ги посочи за нив трите главни придобивки од реализацијата на овој проект, а тоа се заштедата на трошоците за греење за 30 насто, намалувањето на емисиите на штетни гасови и создавањето попријатни услови за учење и работа на учениците и наставниот кадар во училишниот објект.

# ГОЛЕМ УСПЕХ НА СРЕДНОУЧИЛИШНИТЕ ЛИГИ

Во завршните натпревари на препознатливиот градски фајнл фор којшто на 12 и на 13 мај се играше во спортските сали на СУГС „Кочо Рацин" и на СУГС „Јосип Броз-Тито" се издвоија најдобрите екипи во средноучилишните лиги на Град Скопје за учебната 2015/2016 година во екипните спортови футсал, ракомет, кошарка и одбојка, во машка и во женска конкуренција.

Во текот на оваа учебна година во системот на натпревари на средните училишта во Скопје учествуваше 241 екипа, а се одиграа преку 1.000 натпревари во кои се вклучија околу 6.100 ученици од 29 средни училишта од Скопје. Според резултатите од финалните натпревари, во футсал – мажи најдобри беа следните екипи:

Прво место: **СОСУ „Илинден"**
Второ место: **СУГС „Зеф Љуш Марку"**

ВО ФУТСАЛ – ЖЕНИ, како најдобри се издвоија:
Прво место: **ДУФК „Методи Митевски - Брицо"**
Второ место: **СУГС „Зеф Љуш Марку"**

ВО РАКОМЕТ – ЖЕНИ, првите две места ги освоија:
Прво место: **ДУФК „Методи Митевски - Брицо"**
Второ место: **СУГС „Никола Карев"**

ВО РАКОМЕТ – МАЖИ, најдобри беа екипите:
Прво место: **ДУФК „Методи Митевски - Брицо"**
Второ место: **СУГС „Јосип Броз-Тито"**

ВО ОДБОЈКА – МАЖИ, првите две места ги освоија:
Прво место: **СУГС „Орце Николов"**
Второ место: **СУГС „Зеф Љуш Марку"**

ВО ОДБОЈКА – ЖЕНИ, најдобар резултат постигнаа екипите:
Прво место: **СУГС „Орце Николов"**
Второ место: **ДУФК „Методи Митевски - Брицо"**

ВО КОШАРКА – МАЖИ, најдобри беа екипите:
Прво место: **СУГС „Јосип Броз-Тито"**
Второ место: **СУГС „Никола Карев"**

ВО КОШАРКА - ЖЕНИ, како најдобри се издвоија:
Прво место: **СУГС „Орце Николов"**
Второ место: **СУГС „Раде Јовчевски – Корчагин"**

Градскиот првак и второпласираниот од скопскиот регион којшто е најголем во Македонија учествуваат на финалните натпревари на државно ниво. Така, средните училишта од Скопје





на државното првенство на средни училишта од Македонија – Гимназијада којашто се одржуваше во Куманово од 5 до 7 мај годинава освоија 15 златни, 6 сребрени и 6 бронзени медали.

Значајно е да се напомене дека како дел од средноучилишните лиги на Град Скопје се организираат 10 лиги кои траат во текот на целата учебна година, и тоа ракомет, кошарка, футсал, одбојка, пинг-понг и стрелаштво, а во делот на индивидуалните и преостанатите спортови се организираат натпревари и во атлетика, бадминтон, карате и во шах.

Град Скопје преку Сојузот на средноучилишен спорт во Скопје секоја година инвестира во развојот на средноучилишниот спорт. За организација на средноучилишниот спорт во Скопје, Градот Скопје годинава одвои 2.000.000 денари.

За потсетување, во 2009 година во лигите учествувале околу 300 ученици–спортисти. До 2015 година, со тековните активности што ги презема Град Скопје заедно со средните училишта, во средноучилишните лиги учествуваат околу 6.100 ученици–спортисти.

Градоначалникот Коце Трајановски на 26 мај им додели пофалници и благодарници на директорите, на професорите за спорт и спортски активности и на претставниците од спортските екипи од 29 средни училишта од Скопје, за постигнатите успеси во средноучилишните лиги на Град Скопје, за учебната 2015/2016 година.



# СЕ ИГРАШЕ КВАДРИЛ НА ПЛОШТАДОТ „МАКЕДОНИЈА“



На плоштадот „Македонија“ на 20 мај се одржа манифестацијата „Матурска парада 2016“, а матурантите од Скопје точно напладне, заедно со своите врсници од повеќе градови од земјава и од Европа, го одиграа танцот квадрил на звуците на штраусовата опера „Лилјакот“.

Во годинешната десетта по ред „Матурска парада“ во Скопје учествуваа над 1.000 ученици од 20 средни училишта во Скопје, како и матуранти од Охрид, Струга, Струмица, Валандово, Гевгелија и од Неготино. Пред започнувањето на танцот квадрил матурантите положија заклетва за ненасилство и толеранција.

Организатори на годинешнава „Матурска парада“ се Дирекцијата за култура и уметност на Скопје во соработка со танцовиот клуб „Ритам плус“, а покровител на манифестацијата е Градот Скопје. Поддржувач на оваа традиционална манифестација е Делегацијата на Европската унија во Република Македонија.

# НАГРАДЕНИ НАЈДОБРИТЕ МАТУРАНТИ



На најдобрите 25 матуранти – првенци на генерацијата 2012/2016 година од 21 средно училиште на Град Скопје градоначалникот Коце Трајановски и претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, им доделија признанија и парични награди, како дел од манифестацијата „Средба меѓу првиот и најдобрите“, што се одржа на 10 јуни.

Добитници на наградите и признанијата се: од СУГС „Лазар Танев“ Христијан Николовски и Бојан Радески; од СУГС „Јосип Броз Тито“ Марија Магдалена Лазоска; од СУГС „Кочо Рацин“ Бојан Димоски; од СУГС „Георги Димитров“ Анастасија Демерџиева; од СУГС „Арсени Јовков“ Андријана Димитријевиќ; од СУГС „Здравко Цветковски“ Теодора Стефановска; од СУГС „Браќа Миладиновци“ Христина Трпчевска; од СУГС „Владо Тасевски“ Здравко Тодоров; од СУГС „Димитар Влахов“ Анета Иванова; од СУГС „Цветан Димов“ Сенад Дошљак и Хадис Фета; од СУГС „Михајло Пупин“ Ангел Давковски; од СУГС „8 Септември“ Никита Гостовиќ и Езгон Рамадани; од СУГС „Д-р. Панче Караѓозов“ Емине Идризи; од СУГС „Зеф Љуш Марку“ Арнен Телќиу; од СУГС „Боро Петрушевски“ Радмила Сенева и Александар Цековски; од СУГС „Панче Арсовски“ Мартин Младеновски; од СУГС „Васил Антевски Дрен“ Лазе Ѓоргиев; од СУГС „Орце Николов“ Филип Макрадули; од СУГС „Никола Карев“ Маја Шареска; од СУГС „Раде Јовчевски Корчагин“ Вера Димовска и од СУГС „Марија Склодовска-Кири“ Драгана Стојиќ.

# НОВИ СПОРТСКИ ТОПКИ ЗА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ

Градоначалникот Коце Трајановски на 24 февруари во спортската сала на СУГС „Јосип Броз-Тито“ на директорите на сите 22 скопски средни училишта им додели професионални топки.

Поделбата на топките е направена според бројот на ученици коишто ја следат наставата во секое од 22-те средни училишта, односно Град Скопје додели од 35 до 56 топки на секое училиште. Вкупно беа поделени 963 топки, а за реализација на овој проект Градот Скопје издвои 750.000 денари.

## „ИКАС 2016“

Украинецот Игор Цвит победи на 48-от по ред Илинденски Кајак-Слалом „ИКАС 2016“ кој на 9 и на 10 април се возеше на патеката во СРЦ „Матка“.

Во ова издание на ИКАС учествуваа 150 кајакари од 14 држави. Манифестацијата ИКАС е една од најстарите и најквалитетните традиционални спортски манифестации во Скопје и во Република Македонија. Град Скопје финансиски го поддржува „ИКАС 2016“ со 190.000 денари.

## ОТВОРЕНИ ТЕРЕНИТЕ ЗА ОДБОЈКА И РАКОМЕТ НА ПЕСОК

Одбојкарското и ракометното игралиште на песок на Градската плажа „Парк“ од минатиот месец се отворени за користење. Сите заинтересирани граѓани, рекреативци, ученици, студенти, спортски клубови и здруженија на граѓани можат бесплатно да спортуваат и да рекреираат на овие игралишта на песок.

Спортските терени ќе бидат отворени за спорт и рекреација секој ден во термините од **10 до 24 часот.** Закажувањето може да се врши секој ден на самите игралишта во гореневедениот период и на телефонскиот број за контакт **071/ 267-265.** Терминот за бесплатно користење е со времетраење од **1 час.**

## „ПРВ ДО ВРВ 2016“




Над 2.000 спортисти и рекреативци учествуваа во годинешново издание на најмасовниот планински настан во Македонија „Прв до врв 2016“, којшто се одржа на 22 мај, на планината Водно. Во трките како најдобри се издвоија следниве натпреварувачи:

**Трка – друмски велосипедизам: во оваа трка во женска конкуренција прва на целта стигна** Ивета Алексиева, а кај мажите најбрз беше Даниел Јаковлевски. Наградата за најдобар тим во друмски велосипедизам ја доби тимот на „Енерџи“.

**Трка – планински велосипедизам: во оваа трка прва целта ја помина** Цвета Кушовска, а во машка конкуренција првото место го освои Александар Грујовиќ. Наградата за најдобар тим во планински велосипедизам ја доби тимот на „Енерџи“.

**Трка - трчање:** во женска конкуренција првото место во оваа трка го освои Марија Стојановска, а кај мажите најбрз беше Штефан Вебел.

## КАРАТЕ ТУРНИР „ГАЗИ БАБА ОПЕН 2016“



Еден од најголемите карате турнири во нашата земја од меѓународен карактер „Гази Баба Опен 2016“ годинава привлече околу 800 натпреварувачи во сите категории од 6 до 16 години од Словенија, Србија, Хрватска, Косово, Црна Гора, Романија, Украина, Грција, Австрија и Бугарија. Овој турнир кој се одржа по јубилеен 10-ти пат е во организација на карате клубот „Тигар“ од Скопје и е финансиски поддржан од Град Скопје.

## КАРАТЕ ТУРНИР „СОЛИДАРНОСТ ОПЕН 2016“



На 16-то издание на меѓународниот карате турнир „Солидарност Опен 2016“ кој се одржа на 8 мај во спортската сала во ООУ „Наум Наумовски Борче“ настапија над 500 натпреварувачи од повеќе земји од регионот.

Турнирот е во организација на карате клубот „Солидарност“ од Скопје, а и годинава е финансиски поддржан од Град Скопје. За долгогодишната поддршка на овој турнир организаторот додели благодарница за Град Скопје и градоначалникот Коце Трајановски.

# НОВ РЕКОРД НА ВИЗ ЕР СКОПСКИОТ МАРАТОН 2016







Кенискиот маратонец Кипротич Кируи на 8 мај победи на 12-то издание на најпознатата и најмасовна спортска манифестација во нашиот град - Виз Ер Скопскиот Маратон 2016 и постави рекорд на патеката, со време од 2:12:36 часа. Тој зад себе ги остави своите сонародници Ричард Бет и Едвин Кирва, кои го освоија второто и третото место на трката на 42.195 метри, во машка конкуренција. Меѓу маратонките најбрза беше Гледис Бивот од Кенија, а на второто и на третото место во женска конкуренција се пласираа Шевај Дебелу од Етиопија и Фабиола Вилијам од Танзанија.

Пехарите и признанијата на најдобрите маратонци на 12-то издание на Виз Ер Скопскиот Маратон 2016 им ги додели градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Кај полумаратонците прв на целта пристигна Илир Келези од Албанија, а меѓу жените најбрза беше Даниела Бараќ од Србија. На најдобрите полумаратонци наградите им ги додели претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева.

Во хуманитарната трка на 5.000 метри во машка конкуренција најбрз беше Суад Криезиу од Македонија, а во женска конкуренција прва целта ја мина Рената Соколовска од Македонија. Како дел од Виз Ер Скопскиот Маратон се трчаше и штафетен маратон.

На 8 мај на улиците на Скопје истрчаа над 7.000 маратонци, полумаратонци и рекреативци од 46 земји и го преплавија градот со позитивна енергија. И годинава, за оваа манифестација Градот Скопје од својот буџет издвои 1.200.000 денари, а ги стави на располагање и сите јавни градски претпријатија. Наградниот фонд на маратонот изнесуваше 17.100 евра.

Дванаесеттото издание на маратонот е под покровителство на Град Скопје и Мисијата на Европската Унија во нашава земја.




# МЕЃУНАРОДЕН ШАХОВСКИ ТУРНИР „ОПЕН КАРПОШ 2016"

На годинешново издание на најголемиот клупски шаховски турнир во Република Македонија „Опен Карпош 2016" учествуваа околу 200 натпреварувачи од 25 земји, од кои 27 беа велемајстори, 26 интернационални мајстори, 3 женски интернационални мајстори, 22 фиде мајстори, 2 женски фиде мајстори, 1 мајсторски кандидат и 1 женски мајсторски кандидат.

Турнирот кој се одржа на почетокот на април е во организација на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко" од Скопје. Град Скопје го поддржува овој турнир во шах со 200.000 денари.

# КРОС-ТРКА „ГАЗИ БАБА ХЦ ЧЕЛИНЏ"

На 6 март на патеките во паркот на природата „Гази Баба" се одржа крос-трката „Гази Баба ХЦ Челинџ" (Гази Баба XC Challenge) во која учествуваа над 100 натпреварувачи во машка и во женска конкуренција. Во оваа трка натпреварувачите трчаа 8.000 метри, а натпреварувачките - 5.000 метри.

Во двете конкуренции, на целта први пристигнаа Милош Ранчиќ и Андријана Поп Арсова.

Главен покровител на крос-трката „Гази Баба ХЦ Челинџ" е Град Скопје, а ја организираше атлетскиот клуб „Индјуренс" од Скопје.



# АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА



Градот Скопје на 21 март традиционално го одбележа првиот ден на пролетта со акција за чистење на вториот дел од Градскиот парк, како дел од манифестацијата „Денови на пролетта – денови на екологијата". Целта на оваа акција беше да се поттикне грижата за животната средина кај граѓаните на Скопје и да се даде пример како да се грижиме за средината во којашто живееме.

За таа цел, во вториот дел од Градскиот парк, во близина на Луна-паркот, 150 ученици од 5 средни училишта на Град Скопје (СУГС „Јосип Броз -Тито, СУГС „Никола Карев", СУГС „Орце Николов", СУГС „Здравко Цветковски" и СУГС „Георги Димитров") ги чистеа отпадоците од јавните зелени површини. Во соработка со Противпожарната бригада на Град Скопје и на ЈП „Паркови и зеленило" се чистеше езерцето во вториот дел на Градскиот парк, со помош на чамец. Штитениците на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост „ПОРАКА", пак, засадија цвеќиња и се вклучија во расчистувањето на зеленилото.

*Меѓународна научна конференција*

## „ГРЕДИТ 2016 - ЗЕЛЕН РАЗВОЈ, ИНФРАСТРУКТУРА И ТЕХНОЛОГИЈА"

Градоначалникот Коце Трајановски на 31 март присуствуваше и се обрати на меѓународната научна конференција „ГРЕДИТ 2016 - Зелен развој, инфраструктура и технологија" којашто се одржуваше на Технолошко-металуршкиот факултет. На оваа научна конференција учествуваа признати професори и научници од земјава и од странство, со свои трудови од областа на заштитата на воздухот, водата и почвата од загадување, проценка на ризици, обновливи извори на енергија, земјоделство и квалитет на храната, менаџмент на урбан и индустриски отпад, климатски промени и биодиверзитет, зелени градови, јавно здравје и други теми од областа на заштитата на животната средина.



- Оваа конференција е најголемиот научно – стручен собир од областа на заштитата на животната средина што се одржал во Скопје. Сакам да нагласам дека во периодот од 2005 година па наваму, Градот Скопје во согласност со своите надлежности успешно се ангажираше да воспостави база на податоци од мониторингот на медиумите на животната средина и да поседува емпириски показатели за нејзината состојба; осмисли и реализира низа стратешки и плански документи и проекти преку кои презема активности за заштита и унапредување на животната средина; воспостави интегриран систем на управување со животната средина преку реализирање на мерките и активностите предвидени со првиот и со вториот Локален еколошки план, изготви Интегриран катастар на животната средина и Зелен катастар, воведе систем за интегрирано управување со отпадот, работи на издавање интегрирани еколошки дозволи и спроведување стратегиски оцени на влијанија од планови и проекти и оцени на влијанија од конкретни проекти, спроведување на процедурата за елаборати за животна средина за активности и дејности предвидени со закон и друго; донесе и реализира SEAP – Акционен план за одржлива енергија, ја популаризира примената на мерките за енергетска ефикасност и примената на обновливи извори на енергија во духот на потпишаната Повелба на градоначалниците за намалување на емисиите на јаглероддиоксид; го промовиравме Центарот за управување и контрола на сообраќајот (ЦУКС), гасифициравме 4 средни училишта на Град Скопје, набавивме електроавтомобил за потребите на градската администрација, како и електромопеди, електротротинети и електромобили; работи на одржливиот развој на градот, го испитува неговиот еколошки отпечаток како показател на квалитетот на животот во градот; воведува одржлив транспортен систем, со фаворизирање и создавање подобрени услови за користење јавен превоз и велосипед; создава услови за валоризирање, прогласување, заштита, унапредување и уредување на природните реткости на своето подрачје; активно работи на реализација на проектот за унапредување на велосипедската инфраструктура во градот, „СКОПЈЕ ВЕЛОГРАД 2017", а досега подигнавме и уредивме околу 415.000 квадратни метри зелени површини – рече градоначалникот Трајановски, пред присутните.

Трајановски нагласи и дека Градот Скопје активно работи на намалување и адаптирање на климатските промени и на донесување на Стратегија за климатски промени за Скопје и реализација на нејзиниот Акционен план, како и на зголемување на урбаната отпорност на природни и на технолошки катастрофи.

# ЗАТЕМНУВАЊЕ НА СВЕТИЛКИТЕ ЗА „ЧАСОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА“

Градот Скопје на 19 март беше дел од акцијата „Часот на планетата Земја“ - најголемата светска волонтерска акција која има за цел преку симболично исклучување на осветлувањето во времетраење од еден час да испрати силна порака за спас на планетата. Мотото на глобалната акција оваа година беше „Заблескај светлина на климатските промени“.





Акцијата „Часот на планетата Земја“ траеше од 20:30 до 21:30 часот, а илуминацијата беше исклучена на повеќе локации во центарот на градот: улицата Македонија, Палатата „Пелистер“, Ристиќевата палата, Каменият мост, Скопската тврдина, Паркот „Жена борец“ и споменициите, плоштадот „Филип Втори“, мостот „Око“ и Мостот на уметноста. Како дел од настанот на улицата Македонија беше изведен и перформанс со 300 свеќички.

Ова глобално еколошко движење е креирано од WWF (World Wildlife Fund), а поддржано од Обединетите нации. Во одбележувањето на „Часот на планетата Земја“ се вклучуваат над 170 земји, а многу градови низ светот ја поддржуваат оваа акција со симболично исклучување на осветлувањето на споменици, згради, мостови, канделабри во парковите и слично.

# ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА



Градот Скопје и Здружението за одржлив развој и заштита на животната средина „Гоу Грин“ (Go Green) на 22 април во Градскиот парк го одбележаа 22 Април – Денот на планетата Земја. На просторот околу Школката во Градскиот парк беа поставени три штанда, а волонтери-средношколци од средните училишта на Град Скопје на минувачите им делеа картички со еколошки пораки и семиња од босилек и од пркос.

Во зелениот појас пред Школката, пак, беа засадени шест зимзелени садници - туи.

# АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ЕЗЕРОТО „МАТКА“

По повод 22 март – Светскиот ден на водите, Градот Скопје во соработка со Нуркачкото друштво „Врело“ од Скопје и со Министерството за животна средина и просторно планирање организира чистење на бреговите на реката Треска и на езерото „Матка“.



Во акцијата за расчистување на цврстите отпадоци од зелените и од јавните површини на овие локации се вклучија претставници на администрацијата на Градот Скопје, претставници на МЖСПП, невладини организации и граѓани. Нуркачите од „Врело“ помогнати од нивни колеги од Неготино и од Охрид отстрануваа отпадоци од езерото „Матка“.

# МЕЃУНАРОДНА



Градоначалникот Коце Трајановски на 10 јуни се сретна со средношколците од градот Темпи, САД, коишто традиционално, секоја година доаѓаат на меѓународна училишна размена кај нивните врсници од Скопје.

- Ни претставува задоволство што и годинава сме ваши домаќини. Оваа размена на ученици е само дел од активностите меѓу Скопје и Темпи, два града кои имаат одлична соработка којашто датира од збратимувањето во 1971 година. Се надевам дека ќе имате убав престој во Македонија и Скопје и дека ќе имате можност одблизу да се запознаете со нашата култура, обичаи и историја – рече градоначалникот Трајановски, на средбата.

Традиционално, средношколците од Скопје ќе заминат во посета на Темпи на 14 јули и ќе престојуваат 5 недели.

На 27 април градоначалникот Коце Трајановски оствари средба со делегација од општината Шиченг од Пекинг, НР Кина, предводена од градоначалникот на општината, Ванг Шаофенг. На средбата присуствуваше и амбасадорот на НР Кина во нашава земја, Вен Женшун. Шиченг е една од 16-те општини на Пекинг и претставува административен, политички и економски центар на градот.

- Вашето збратимување со скопската општина Центар претставува добар пример за соработка и за другите општини од Скопје и од Пекинг - изјави градоначалникот Трајановски.






Меѓународната соработка, урбанизмот и сообраќајот беа меѓу главните теми на средбата меѓу градоначалникот Коце Трајановски и делегацијата од Торино, Република Италија, којашто се одржа на 21 март. На средбата присуствуваше и амбасадорот на Италија во Република Македонија, Ернесто Масимино Белели.

Делегацијата беше составена од претставници на администрацијата на Градот Торино од сферите на меѓународната соработка, урбанизмот и сообраќајот, претставници на стопанската комора на Торино, како и професори од катедрата за архитектура и дизајн при Универзитетот на Торино. Градоначалникот Трајановски на средбата истакна дека соработката меѓу Скопје и Торино е на високо ниво, особено по потпишувањето на Договорот за пријателство и соработка во 2012 година.

Под мотото „Франкофонијата ти отвора врати!“ на 19 и на 20 март во МКЦ се одржаа голем број активности како дел од манифестацијата „Денови на Франкофонијата во Македонија“.

- Република Македонија е полноправна земја членка на Меѓународната организација на франкофонијата од 2006 година и ги поддржува и споделува францускиот јазик, култура и вредности. Во рамките на оваа организација Град Скопје негува пријателски односи со повеќе меѓународни франкофонски градови, мрежи на градови, асоцијации, здруженија и организации. Град Скопје е збратимен со француските градови Дижон и Рубе со кои негува успешна соработка – рече градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето на манифестацијата.

Како дел од оваа манифестација се одржаа голем број интерактивни работилници и забавни активности за средношколци и студенти, во холот на МКЦ се претставија франкофонските компании и оператори во Македонија, а предавање на тема „Франкофонијата и глобализацијата“ одржа Ив Монтене, специјалист по геополитика и менаџер.



# СОРАБОТКА



Градоначалникот Коце Трајановски и претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, на 4 февруари остварија средба со делегација од збратимениот град Нанчанг, Народна Република Кина.

Делегацијата од Нанчанг беше предводена од Веи Гуохуа, заменик-директор на Извршниот комитет на Народниот конгрес на Нанчанг, а во делегацијата имаше претставници од локалната и од регионалната власт од областа на меѓународната соработка, културата и односи со јавноста.

- Скопје и Нанчанг се збратимени 31 година, а ова е втора година по ред во Скопје да се одбележи Кинеската Нова година со настап на културен ансамбл од Нанчанг. Во насока на продлабочување на нашата соработка планираме во текот на годинава делегација од Скопје да го посети Нанчанг, а како потенцијални области за развивање на соработката се економската соработка и туризмот – изјави градоначалникот Трајановски.

Во Македонскиот народен театар, вечерта на 4 февруари се одржа музичка и танцова претстава во изведба на културниот ансамбл од Нанчанг, Кина, по повод Кинеската Нова година.





Продлабочување на соработката на Град Скопје со Асоцијацијата на центри за развој на бизнисот на Европската Унија во Ирска и работа на полето на бизнис иновациите беше темата на средбата меѓу градоначалникот Коце Трајановски, Џо Грини, директор на Западниот бизнис иновативен центар во Галвеј, Ирска и претседавач на Асоцијацијата на центри за развој на бизнисот на Европската унија во Ирска и Илија Вучков, претседател на Европско-Македонскиот центар за иновации и знаење (EMKICE), која се одржа на 2 февруари.

На средбата се дискутираше и за формирање Бизнис иновативен центар во Скопје и негово вклучување во европската мрежа на вакви центри.

Градоначалникот Коце Трајановски на 15 јануари оствари средба со делегација од градот Варшава, Република Полска, составена од заменик-директорот на Бирото за култура на Град Варшава, Малгожата Наимска, директорот на Домот на средби со историја на Град Варшава, Пиотр Јакубовски и амбасадорот на Република Полска во нашата земја, Јацек Стефан Мултановски.

На средбата се дискутираше за изложбата „Феникс од пепелта - Уништувањето и обновата на Варшава 1939-1955“ која беше поставена во Музејот на Град Скопје.

- На средбата дискутиравме за досегашната соработка меѓу Скопје и Варшава. Се договоривме во наредниов период да ја продлабочиме нашата соработка преку размена на уметници и историчари од двата града – рече градоначалникот Трајановски.





# Богата културна програма на „СКОПСКО ЛЕТО“

